# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА “ЛЕТО БЕЗ ГРИЖИ”

## Член 1: Назив и седиште на трговското друштво

- Организатор на наградната игра со име „Лето без грижи“ (понатаму именувана само како „ Наградна игра“) е Македонски Телеком АД - Скопје, со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Република Македонија, претставувано од Андреас Елснер, Главен извршен директор и Жарко Луковски, Главен оперативен директор (во понатамошниот текст: Организатор).
- Организаторот ќе ја организира наградната игра во согласност со овие официјални правила на наградната игра (во понатамошниот текст: “правила”)

## Член 2: Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

- Цел на наградната игра организирана од страна на Организаторот е рекламирање на Телеком Smart, Magenta 1, Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија и промовирање на Телеком брендот.

## Член 3: Име, опис и времетраење на наградната игра

- Официјалното име на наградната игра е „Лето без грижи“.
- Наградната игра се организира за:
  - физички лица - нови и постојни корисници на Телеком Smart и Magenta 1 тарифните профолија кои ќе склучат нов претплатнички договор со или без договори за лојалност или ќе склучат нов или ќе го обноват договорот за лојалност во периодот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година,
  - правни лица – нови и постојни корисници на Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија кои ќе склучат нов претплатнички договор со или без договор за лојалност или ќе склучат нов или ќе го обноват договорот за лојалност во периодот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година.
  - постојните корисници на Телеком Smart, Magenta 1, Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија неопфатени погоре, кои ќе се приклучат на играта со јавување на 149 888 и ги исполнуваат општите услови за учество.
- Користењето на промоцијата 500 минути и 500 MB во роаминг не е доволен услов за учество во наградната игра.
- Наградниот фонд се состои од 400 ваучери за патување со авион преку операторот Wizz Air Hungary Ltd. со единечна вредност од 100 ЕУР, кои ќе бидат доделени на 200 добитници (секој добитник ќе добие по 2 ваучери со вредност од по 100 ЕУР, или вкупна вредност од 200 ЕУР), кои ќе се извлекуваат во две фази (во секоја фаза ќе се доделуваат 200 ваучери на 100 добитници). Правото на учество во наградната игра е точно дефинирано во член 7 од овие правила.

- Наградната игра започнува на ден10.07.2017 година и ќе трае до 10.09.2017 година.

## Член 4: Територија

- Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Македонија.

Член 5: Рекламирање

- Наградната игра ќе се рекламира на ТВ, радио, печатени и онлајн медиуми.

Член 6: Награден фонд

- *Опис на наградите*

| Опис | кол. | Поединечна цена без ДДВ | Поединечна цена со ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| Вредносен ваучер за патување со авион преку операторот Wizz Air Hungary Ltd. | 400 | 3.075 ден. | 3.629 ден. | 1.230.000 ден. | 1.451.400 ден. |

**Вкупниот награден фонд изнесува 1.451.400 денари.**

Член 7: Услови за учество во наградната игра

*Кој има право на учество*

Учество во наградната игра ќе земат:

1. физички лица - нови и постојни корисници на Телеком Smart и Magenta 1 тарифните профолија кои ќе склучат нов претплатнички договор со или без договори за лојалност или ќе склучат нов или ќе го обноват договорот за лојалност во периодот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година;
2. правни лица – нови и постојни корисници на Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија кои ќе склучат нов претплатнички договор со или без договор за лојалност или ќе склучат нов или ќе го обноват договорот за лојалност во периодот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година
3. постојните корисници на Телеком Smart, Magenta 1, Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија неопфатени погоре, кои ќе се приклучат на играта со јавување на 149 888 и ги исполнуваат општите услови за учество.

Правен основ (потврда) за учество во наградната игра во првите два случаи е склучениот договор за користење на погоре дефинираните тарифни модели на Организаторот, во кој се содржани податоците на корисникот, датумот кога е склучен договорот и видот на пакет услугите. Со склучувањето на договорот корисниците автоматски учествуваат во наградната игра.
Во третиот случај, покрај валиден договор за користење на еден од погоре дефинираните тарифни модели на Органзираторот, независно од датумот на склучување, потребен е и повик кон бројот за приклучување во играта евидентиран во системите на организаторот.

- *Кој нема право на учество*

Право на учество немаат вработени во Македонски Телеком АД - Скопје, како и членови на нивните потесни семејства (доколку истите членови живеат на иста адреса). Како членови на потесно семејство се сметаат: родители, брат, сестра, деца и брачен другар. Право на учество немаат сите корисници на Телеком Smart, Magenta 1, Business и Magenta 1 Business тарифните портфолија кои ги користат услугите за тестирање, за промоција или за било која друга некомерцијална намена. Право на учество во наградната игра немаат сите корисници на Телеком Smart, Magenta 1, Business и Magenta 1Business тарифните портфолија за кои на денот на извлекувањето ќе се утврди дека се исклучени во двата правци (појдовни и дојдовни повици) повеќе од 5 дена.

Член 8. Извлекување на добитниците во наградната игра

- *Начин на извлекување на добитници*

Добитниците ќе се извлечат по случаен избор со помош на компјутерска програма која ќе избира по основ на мобилниот телефонски број од базата на претплатници кои се дефинирани како учесници во наградната игра. Мобилниот телефонски број е уникатен за секој корисник. Базата на податоци е обезбедена од страна на организаторот.

- *Место и време на извлекување на добитниците на наградната игра*

Добитниците ќе се извлекуваат во два циклуси:

**Циклус 1** - за сите корисници кои ги исполниле условите за учество во периодот од 10.07.2017 година до 09.08.2017 година.
Извлекувањето за првиот Циклус ќе се одржи на 11.08.2017година во 14.00 часот. Ќе бидат извлечени 100 добитници, како и 30 резервни добитници, кои ќе бидат замена во случај првоизбраните добитници да не бидат достапни или ќе се откажат од користење на наградата. Секој од добитниците ќе добие по 2 вредносни ваучери. Извлекувањето ќе се одржи во просториите на Организаторот на адреса Кеј 13 Ноември, бр.6, 1000 Скопје.

**Циклус 2** - за сите корисници кои ги исполниле условите за учество во периодот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година, со исклучок на добитниците од првиот циклус.
Извлекувањето за вториот Циклус ќе се одржи на 12.09.2017година во 14.00 часот. Ќе бидат извлечени 100 добитници, како и 30 резервни добитници, кои ќе бидат замена во случај првоизбраните добитници да не бидат достапни или ќе се откажат од користење на наградата. Секој од добитниците ќе добие по 2 вредносни ваучери. Извлекувањето ќе се одржи во просториите на Организаторотна адреса Кеј 13 Ноември, бр.6, 1000 Скопје.

- *Постапка и контрола на извлекување*

Извлекувањето на наградите ќе се изврши компјутерски во присуство на комисија составена од 3 члена.

- Членови на комисијата ќе бидат:
  1) Претставник од *Организаторот*
  2) Претставник од *Организаторот*
  3) НОТАР

- По завршување на извлекувањето на добитниците, членовите на комисијата ќе проверат дали се исполнети условите за нивно учество во наградната игра опишани во член 7.

- Доколку се утврди дека некој од првично извлечените добитници на награда немал право за учество во наградната игра во смисла на условите предвидени во член 7, Организаторот ќе го контактира следниот од резервните извлечени добитници, се дури наградата не биде доделена. Во случај ниту еден од резервните извлечени добитници да не е во можност да ја искористи наградата, Организаторот го задржува правото да не ја додели наградата.

- За извршено извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени мобилниот телефонски број на секој од извлечените добитници и добиената награда.

<u>Член 9. Објавување на резултатите од наградната игра</u>

- Официјалните резултати од извлекувањето на наградите ќе бидат објавени на официјалната веб страна на Организаторот (www.telekom.mk), во рок од 3 работни дена по секое од двете официјални извлекувања на добитниците.

- При објавувањето, врз основа на претходна добиена согласност на добитниците, ќе се објави *нивнот*о *име* и *презиме*, а ако добитникот не даде согласност, објавувањето ќе се изврши на начин што ќе се стави мобилниот телефонски број на добитникот (последните три бројки ке бидат скриени - XXX).

Член 10. Подигнување на наградите

- Пред да бидат предадени наградите, добитниците ќе бидат контактирани за да се провери нивната достапност и да се направи идентификација која потоа ќе треба да биде потврдена со приложување на валиден документ за идентификација. При ваквиот контакт, соодветниот добитник на награда, треба да ги достави своите лични податоци (име и презиме, адреса и ЕМБГ, и име на компанија и ЕДВ за правни лица) заради идентификација и доделување на освоената награда.
- Во случај со правни лица добитници на наградите, Телеком ќе ја додели наградата на носителот на договорот на правното лице, кој го задржува дискреционото право за тоа која ќе ја користи наградата.
- Секој од добитниците телефонски ќе биде известен од страна на Организаторот за добиената награда и истовремено ќе биде известен за денот и локацијата на доделување на наградите.
- Добитникот ќе биде известен дека пред подигнувањето на наградата треба да приложи валиден документ за идентификација (лична карта или патна исправа) врз основа на кој ќе се утврди дали е корисник со право на учество во наградната игра согласно член 7 од овие официјални правила. Доколку при идентификацијата на добитникот се утврди дека не ги исполнува условите за учество во наградната игра, оваа награда ќе биде доделена на следниот резервен добитник, за кој ќе важи постапката опишана во претходните три точки.
- Организаторот ќе го контактира добитникот на мобилниот телефонски број. Организаторот ќе се обиде да го контактира добитникот најмалку 3 пати на ден во периодот помеѓу 10:00 и 20:00 часот. Доколку Организаторот, и покрај вложените напори, не успее да стапи во контакт со добитникот во период од 3 дена, добитникот се дисквалификува и го губи правото на наградата.
- Доколку добитникот го изгуби правото, се контактира следниот од резервните добитници.
- Наградите ќе бидат доделени во рок не подолг од 30 (триесет) дена од денот кога се врши извлекувањето од наградната игра, но не пред истекот на рокот за приговор (член 11).
- После истекот на предвидениот рок Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако:

  -Се откаже од примањето на наградата во писмена форма.
  -Не е достапен за контакт во рокот утврден во член 10 од овие правила
  -Пред подигнувањето на наградата, Телеком Smart, Magenta 1, Business или Magenta 1 Business тарифното портфолио со кое учествувал во наградната игра е привремено или целосно деактивирано или
  -Во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно овој член, кои се неопходни за доделување на наградата.

- Доделувањето на наградите ќе се врши со лично предавање.
- Доколку добитникот од која било причина не е во можност лично да присуствува на доделувањето на наградите, истиот ќе може со нотарски заверено полномошно да назначи своја замена што ќе ја подигне наградата во негово/нејзино име.
- Подигнувањето на наградата се потврдува со потпишување записник меѓу добитникот и претставникот на Организаторот.
- Добиените награди не можат да се заменат за пари, други награди или услуги.
- Добитникот добива како награда два ваучери за патување со авион преку операторот Wizz Air Hungary Ltd. во вкупна вредност од 200 евра, од кои едниот треба да го искористи лично, а другиот да го додели на друго лице по сопствен избор, за што треба да го информира Организаторот на наградната игра најдоцна 5 дена од денот на добивање на информацијата дека е добитник.
- Добитникот може да ја пренесе наградата доколку не е во можност истата да ја користи само на членови од потесното семејство со нотарски заверена изјава врз основа на која наведува на кое лице го пренесува правото на користење на наградата. Како членови на потесно семејство се сметаат: родители, брат или сестра, деца и брачен другар.
- Добитникот се обврзува дека ги прифаќа условите за користење на ваучерот кои може да се најдат на следните линкови:
  http://book.wizzair.com/en-GB/useful_information/voucher_conditions
  http://book.wizzair.com/en-GB/useful_information/general_conditions_of_carriage_list.
- Секоја од наградите ќе се подига во просториите на Македонски Телеком АД - Скопје. Објавување на слика и лик од добитниците содржани во фотографии, аудио, видео и друг вид на записи или учество на јавни настапи

за цели на рекламирање на Организаторот во врска со наградната игра, ќе биде предмет на дополнителна соглрасност на добитниците, за што добитниците немаат право на дополнителен надомест.

- Организаторот ќе го сноси на свој товар персоналниот данок на остварени лични приходи поврзан со доделување на наградите.

## Член 11. Право на приговор и потенцијални спорови

- Секој учесник има право да поднесе приговор за текот на наградната игра до организаторот во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на резултатите, а организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 3 (три) дена од денот на поднесувањето на истиот.
- Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат во духот на добрите обичаи и спогодбено, а во случај на спор, истиот ќе биде решен во согласност со важечките закони на Република Македонија и пред надлежен суд во Скопје.

## Член 12. Одговорност

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Организаторот.
- Организаторот ќе биде одговорен до моментот на подигнувањето на наградите од страна на добитниците.
- Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградите.

## Член 13. Прекинување на наградната игра

- Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекин преку соопштение во медиумите.

## Член 14. Задолжителни правила

- Сите учесници се обврзани со правилата на наградната игра.
- Сите заинтересирани можат да добијат копија од правилата на наградната игра во некоја од продавниците на Организаторотили на официјалната веб страница на Организаторот (www.telekom.mk). За дополнителни информации корисниците можат да се јават на бесплатниот телефонскиот број 122 во секој работен ден од 09:00 до 20:00 часот од 10.07.2017 година до 10.09.2017 година.
- Овие правила влегуваат во сила од денот на нивното објавување на интернет страницата на Организаторот (www.telekom.mk) и ќе бидат објавени на неа 1 (еден) ден пред почетокот на Наградната игра, по претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Македонија.

**За Организаторот**

**Македонски Телеком АД - Скопје**

Андреас Елснер,
Главен извршен директор

_________________________

Жарко Луковски
Главен оперативен директор

_________________________